**М-р Ивана Хаџиванова** е родена во Скопје во 1985 година. Дипломирала психологија на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде подоцна магистрира правни науки (казнено право и криминологија). Хаџиванова е лиценциран **психолог, Гешталт психотерапевт, ЕМДР практичар и семеен-системски советник**. Основач е на **НЕОКОРТЕКС – Центар за психотерапија, психодијагностика, тренинг и едукација** во Скопје (2017). Како надворешен соработник на **Клиничката болница Аџибадем Систина**, активно учествува во мултидисциплинарни тимови за поддршка и третман на пациенти.

Во својата секојдневна работа применува **Гешталт и семејно-системски психотерапевтски пристап**, работи со возрасни индивидуални клиенти, парови и семејства, како и со деца и адолесценти. Сертифициран практичар е за **ЕМДР терапија и третман на трауми** под водство на Изабел Фернандез, претседател на ЕМДР Италија, и обучена за **ASSYST Method**, како и **EMDR G-TEP** и **R-TEP** протоколите. Има завршена едукација за **психодијагностика, клиничка невропсихологија и невропсихолошка дијагностика**, **клиничка психодијагностика на деца**, како и за **прва психолошка помош**.

Има долгогодишно искуство и **активно работи во корпоративниот сектор**, каде креира и **реализира обуки и програми од областа на организациска психологија**, управување со стрес, емоционална интелигенција, комуникациски вештини, лидерство и личен развој, во водечки македонски и меѓународни компании. Како предавач активно придонесува кон **унапредување на општествената психоедукација и подигнување на свеста за значењето на менталното здравје** преку иницирање и реализирање на едукативни кампањи, јавни настани и активности насочени кон пошироката заедница.

Во текот на својата професионална кариера остварува бројни национални и меѓународни соработки и проекти со реномирани институции и невладини организации, меѓу кои **ИОМ ОН – Меѓународна организација за миграции на Обединетите нации**, **„ЕГАЛ’’** (поддршка на ментално здравје на LGBTQ+ заедницата), како и здружението **„Живот со предизвици“**, каде стекнува значајно искуство во работата со лица и семејства со ретки болести. Како повеќегодишен надворешен консултант на ИОМ ОН, обучена е од експерти од **Универзитетот Кембриџ** за водење програми и обуки со млади во насока на превенција на насилен екстремизам, развој на интегративна комплексност и критичко мислење, и емоционална интелигенција. Во периодот **2012–2020** работела како **психолог за селекција на воени пилоти за хеликоптерски единици** на Армијата и Полицијата на РСМ, во рамки на проект поддржан од **Министерството за одбрана** и **Државата Израел**, со спроведување скрининг, психолошка проценка и обука на кандидатите.

Хаџиванова е **регистриран супервизор** од Комората на психолози на РСМ и во **Гешталт тренинг институтот „Советувалиште за хумана соработка“**, **член-основач на EMDR North Macedonia Association**, **член на Европската асоцијација за Гешталт психотерапија (EAGT)** и **член на МНАГТ Контакт Скопје**.

Поседува **посебна лиценца за вршење психолошка дејност во областа на Психологија на здравје – Психотерапија**, издадена од Комората на психолози на РСМ, каде што е **активен член**, со **еден завршен мандат како член на Суд на чест (прв степен)** и **активно членство во Комисијата за приватна пракса**.